РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1331/6
03.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 12. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.3.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јаjага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, Маја Дамевска.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 12. седница на Советот. Седницата почна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, предложи точката 7 од Дневниот ред, со наслов „Предлог-став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2025 година“, да биде точка 4, додека останатите точки соодветно да се пренумерираат, односно да се поместат за едно место нанапред.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 5. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.3.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 11. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.3.2026 година.
3. Усвојување Предлог-записник од прво продолжение на 11. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 25.3.2026 година.
4. Предлог-став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независниот ревизор за 2025 година.
5. Предлог-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

6. Информација во врска со неспроведена промена на сопственичката структура на ТДР ТВ Шутел.
7. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 5. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.3.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 11. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.3.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот го разгледа и со еден глас „воздржан“ од м-р Гордана Мајнова и 6 гласа „за“ го усвои предложениот записник од прво продолжение на 11. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 25.3.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предложениот став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на резултатот од извршената ревизија од независен ревизор за 2025 година. Појасни дека, согласно законските обврски, Агенцијата секоја година ангажира независен ревизор за вршење анализа на своето работење за претходната година и утврдува став во однос на ревизорскиот извештај. Во таа насока, информираше до Советот е доставен предлог-став со кој Агенцијата се согласува со мислењето содржано во Ревизорскиот извештај за 2025 година, според кој финансиските извештаи објективно ја прикажуваат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за наведениот период. Истовремено, директорот нагласи дека Агенцијата не се согласува со резервата изразена од независниот ревизор во делот кој се однесува на вредноста на земјиштето под зградата, имајќи предвид дека истото е евидентирано во билансите по препорака на Државниот завод за ревизија. Согласно наведеното, предложи ваквиот став да биде разгледан и усвоен од страна на Советот, по што истиот ќе претставува составен дел од Годишниот извештај за работата на Агенцијата за 2025 година, кој ќе биде доставен до Собранието на Република Северна Македонија.

Советот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија за 2025 година од страна на Друштвото за ревизија и бизнис консалтинг А&БА Гроуп ДООЕЛ

Скопје едногласно го утврди следниот став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски се согласува со мислењето од Ревизорскиот извештај за 2025 година, заверен во архивата на Агенцијата под број 02-1044/2 од 17.3.2026 година, дека финансиските извештаи ја претставуваат објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата на ден 31.12.2025 година;

- Во однос на делот „Основа за мислење со резерва" кој се однесува на вредноста на земјиштето под зградата, Агенцијата не се согласува, од причина што истото е внесено во билансите по препорака на Државниот завод за ревизија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, да го објави горенаведениот став на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

Директорот Трајчевски го образложи предложениот Годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година. Појасни дека Советот на Агенцијата, на седницата одржана на 23 март, го усвоил овој документ во нацрт-верзија. Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 31 март е крајниот рок до кој Агенцијата е должна да го достави Извештајот во финална форма. Притоа, беше истакнато дека во меѓувреме не биле доставени забелешки или предлози во однос на нацрт-текстот. Имајќи го предвид наведеното, директорот предложи Годишниот извештај да биде усвоен во идентична форма како нацрт-верзијата.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, се осврна на предложениот Извештај за работата на Агенцијата во 2025 година и истакна дека Извештајот претставува сеопфатен и систематизиран документ кој на јасен начин ги прикажува реализираните активности и законските надлежности на Агенцијата во текот на изминатата година. Ја поздрави воспоставената пракса Извештајот првично да се разгледува како нацрт-верзија пред неговото финално усвојување, бидејќи на тој начин се овозможува дополнителен простор за усогласување и техничко утврдување на текстот, со цел обезбедување на што поквалитетна финална верзија. Наведе дека Извештајот ги опфаќа клучните сегменти на работењето на Агенцијата за 2025 година, вклучувајќи ги и надзорните активности, регулаторните постапки, како и активностите насочени кон унапредување на медиумската регулатива и медиумската писменост, вклучително и учество во процеси на законски измени. Во однос на прикажаните податоци, истите обезбедуваат јасен преглед на реализирани активности, при што одредени сегменти ќе бидат предмет на понатамошно следење и анализа во рамките на редовната работа на Агенцијата. Во делот на финансиското работење посочи дека податоците се презентирани транспарентно и во согласност со пропишаните обврски, со соодветен приказ на финансиското работење во текот на целата година. Согласно законската обврска, Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година ќе биде доставен до Собранието на Република Северна Македонија во пропишаниот рок и се очекува дека истиот ќе биде разгледан и оценет позитивно, имајќи го предвид начинот на кој се прикажани

активностите, транспарентноста во работењето и континуитетот во исполнувањето на законските надлежности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува годишниот Извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година (со Извештај за реализација на годишниот план за програмски надзор за 2025 година и Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за 2025 година и годишна сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2025 година), со текст како што беше предложен.

Агенцијата да постапи во согласност со член 8 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 11 став 2 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлуката да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Директорот Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со неспроведената промена на сопственичката структура на ТДР ТВ Шутел. Појасни дека радиодифузерот добил дозвола од Советот за промена на сопственичката структура, при што согласно подзаконскиот акт, промената требало да биде спроведена во Централниот регистар во рок од три месеци, односно да се изврши упис на настанатата промена. При извршена проверка од страна на службите е утврдено дека ваквата промена не е евидентирана во Централниот регистар. Имајќи го предвид наведеното, а со оглед дека радиодифузерот не ја спровел одобрената промена во предвидениот рок, предложено е до Советот да ја прифати Информацијата и да констатира дека Одлуката на Советот на Агенцијата, донесена на 15.12.2025 година, со која се дозволува промена на сопственичката структура на Трговското друштво за радиодифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, не произведува правно дејство, бидејќи промената не е навремено спроведена во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Дополнително, директорот предложи, покрај известувањето до радиодифузерот, официјално да биде известен и Централниот регистар, со цел да се спречи евентуално спроведување на промена спротивно на законските прописи.

Советот на Агенцијата ја прифати Информацијата во врска со неспроведена промена на сопственичката структура на ТДР ТВ Шутел, УП1 бр.02-324 од 26.03.2026 година и едногласно констатира дека Одлуката на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Уп1 бр.02 324 од 15.12.2025 година, со која се дозволува промена на сопственичката структура на Трговското друштво за радио дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, не произведува правно дејство, бидејќи промената на сопственичката структура не е спроведена во Централниот регистар на Република Северна Македонија во рокот утврден во точка 3 од наведената Одлука.

Да се известат Централниот регистар на Република Северна Македонија и ТДР ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје дека, согласно Заклучокот на Советот, Одлуката Уп1 бр. 02-

324 од 15.12.2025 година не произведува правно дејство, бидејќи промената на сопственичката структура не е спроведена во законскиот рок од 3 месеци, кој истече на 17.3.2026 година.

**Точка 7**

Директорот Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово. Појасни дека радиодифузерот не го уплатил годишниот надоместок за телевизиско емитување во законскиот рок, поради што се предлага започнување постапка за одземање на дозволата. Наведе дека е остварена комуникација со радиодифузерот, при што било најавено дека обврската ќе биде подмирена во дополнителниот рок од 15 дена.

Претседателот Стефановски праша од кога започнува да тече рокот, на што директорот Трајчевски одговори дека рокот започнува од денот на архивирање на предлогот до Советот, односно од минатиот четврток, при што преостануваат уште 11 дена.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово, УП1 бр.08-626 од 7.9.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово, УП1 бр.08-626 од 7.9.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**